Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVËRIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-7054/4
03.09.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24, 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 септември 2026 година, дава

Р Е Ш Е Н И Е
за почеток со работа на студиската програма „Физика" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Природно-математички факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1.Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма „Физика" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Природно-математички факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр. 08-834/4 од 20.2.2026 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Природно-математички факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави барање бр. 02-952/11 од 21.4.2026 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 10-705/1 од 21.4.2026 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма „Физика" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Природно-математички факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 10-705/2 од 14.5.2026 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 21.5.2026 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 10-705/3 од 14.7.2026 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма „Физика" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Природно-математички факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* „Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Институција	Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време	02.09.2026 12:11
Верификација	Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=ec505385-faca-4a46-9b49-f53e6583afda&materialId=d078b519-4827-49eb-a9ec-5ae1ad216ecb**

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Претседател на Владата на Република Северна Македонија

Проф. д-р Христијан Мицкоски

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.09.03 14:11:06 +02:00

Подготвил: Бљерта Камбери-Таипи, 01.09.2026
Проверил: Катерина Јаневска, 01.09.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 02.09.2026
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 02.09.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.09.03 14:03:08 +02:00

Институција	Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време	02.09.2026 12:11
Верификација	Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=ec505385-faca-4a46-9b49-f53e6583afda&materialId=d078b519-4827-49eb-a9ec-5ae1ad216ecb**

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.